Врз основа на член 70-в став (1) од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 265/24 и 132/25), министерот за култура и туризам донесе:

# ПРОГРАМА
# ЗА ИЗГРАДБА НА НОВИ ОБЈЕКТИ И ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА, САНАЦИЈА И АДАПТАЦИЈА НА ПОСТОЈНИТЕ ОБЈЕКТИ ШТО ГИ КОРИСТАТ ЈАВНИТЕ УСТАНОВИ ВО ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА ЗА 2026 ГОДИНА

1. Со оваа програма се определуваат видот, носителот на активностите и износот на планирани финансиски средства за изградбата на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат јавните установи од областа на културата за 2026 година.

2. Со оваа програма се планира да се реализираат следниве активности:

| **Ред. бр.** | **Опис на активноста** | **Носител на активноста** | **Износ на финансиски средства** |
|---|---|---|---|
| **1.** | Реконструкција на објект „Универзална сала" во Скопје | Министерство за култура и туризам | 118.000.000,00 денари |
| **2.** | Изградба на објект наменет за Национална установа Турски Театар во Скопје<br>(фаза: термотехнички, електротехнички и хидротехнички инсталации и дел градежни и градежно-занатски работи) | Национална установа - Турски театар - Скопје | 105.000.000,00 денари |
| **3.** | Изградба на нов објект наменет за театар и библиотека во Тетово | Национална установа Центар за култура „Иљо Антески – Смок" Тетово | 57.280.000,00 денари |
| **4.** | Изградба на објект „Стар Театар" во Струмица | Национална установа Завод за заштита на | 32.000.000,00 денари |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | спомениците на културата и музеј - Струмица | |
| 5. | Реконструкција на објектот на театарот при Национална установа Центар за култура „Трајко Прокопиев“ - Куманово | Национална установа Центар за култура „Трајко Прокопиев“ - Куманово | 15.000.000,00 денари |
| 6. | Реконструкција на објект на поранешно кино „Партизан” во Битола при Национална установа „Народен театар” – Битола | Министерство за култура и туризам | 35.000.000,00 денари |
| 7. | Санација на плафони и санација на дел од фасада на објектот на Национална и Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски” – Скопје | Национална и Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски” – Скопје | 10.000.000,00 денари |
| 8. | Санација на проодни тераси на објектот на Национална установа Македонски народен театар и санација на фоаје. | Национална установа Македонски народен театар - Скопје | 12.520.000,00 денари |
| 9. | Реновирање и уредување на просторот и санација на инсталациите на подрумските простории во зградата на Национална установа Национална опера и балет во Скопје | Министерство за култура и туризам | 7.500.000,00 денари |
| 10. | Реконструкција на објектот на Национална установа Музеј на Република Северна Македонија (фаза: реконструкција на кровна површина) | Министерство за култура и туризам | 8.000.000,00 денари |
| 11. | Изградба на објект со скулптурална композиција во Скопје (санација на градилиште, расчистување на градилиште и изменување и дополнување на проектна документација) | Министерство за култура и туризам | 1.500.000,00 денари |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 12. | Реконструкција на објектот на театарот во Штип при Национална установа Центар за култура „Ацо Шопов“ – Штип (обезбедување на проектна документација) | Национална установа Центар за култура „Ацо Шопов“ – Штип | 2.500.000,00 денари |
| 13. | Реконструкција на Национална установа Центар за култура „Марко Цепенков“ – Прилеп (фаза: термотехнички инсталации) | Национална установа Центар за култура „Марко Цепенков“ – Прилеп | 3.000.000,00 денари |
| **Вкупно** | | | **407.300.000,00 денари** |

3. Финансиските средства за реализација на активностите од точка 2 на оваа програма во износ од 407.300.000,00 денари се обезбедени од буџетската и од посебната сметка на Министерството за култура и туризам од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година, Раздел 18010 – Финансирање на дејностите од областа на културата, програми – 40, 41, 49, 50, 84 и 85 од ставките 482 – други градежни работи.

4. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето на интернет страницата на Министерството за култура и туризам, а ќе се објави по добивањето согласност од Владата на Република Северна Македонија.

Министер за култура и туризам
Зоран Љутков

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ - MINISTRIA E KULTURËS DHE E TURIZMIT
Скопје-Shkup

Бр.50 - 844 /2
03.02.2026 година
Скопје

**Образложение**

Министерството за култура и туризам со Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат јавните установи од областа на културата за 2026 година предвидува реализација на 13 проектни активности, главно како продолжување на започнатите капитални проекти за изградба на нови објекти како и на започнатите реконструкции и санации на објекти од областа на културата.

Проектните активности кои се предвидени да продолжат, а кои се однесуваат на изградба на нови објекти се, изградбата на театарот и библиотеката во Тетово, изградбата на турскиот театар и изградбата на театарот во Струмица.

Како проектни активности за реконструкција се предвидуваат да продолжат реконструкциите на театарот во Куманово, на објектот поранешно кино „Партиан“ во Битола, реконструкцијата на објектот на Националната установа Музеј на Република Северна Македонија во Скопје, реконструкција на дел од инсталациите на центарот за култура во Прилеп, и реконструкцијата на универзалната сала во Скопје.

Како активности за санации на постоечки објекти се предвидени санација во универзитетската библиотека во Скопје, на плафонските површини и на дел од фасадата, санација на македонскиот народен театар во Скопје, на тераси и внатрешни површини каде има настанати оштетувања, и на објектот на Националната установа Македонската опера и балет во Скопје за просторот наменет за Националната установа Џез оркестар на Република Северна Македонија.

Со Програмата исто така, предвидени се и активности за изработка на проектни документации за продолжување со изградбата на објектот со скулптурана композиција во Скопје, како и за реконструкција на театарот во Штип.

Програмата за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат јавните установи од областа на културата за 2026 година, е со вредност од 407.300.000,00 денари. Финансиските средства за реализација на Програмата се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година, Раздел 18010 – Финансирање на дејностите од областа на културата, програми – 40, 41, 49, 50, 84 и 85 од ставките 482 – други градежни работи.